**Милош Андоновски** е роден 1989 година во Куманово каде завршува основно и средно гимназиско образование. Во 2021.година ги завршува вторите магистерски студии по театарска уметност на Универзитетот во Кент, Англија како стипендист на една од најпрестижните стипендии во светот – Чивнинг стипендијата на Обединетото Кралство. Неговиот магистерски труд со наслов *За што зборуваме кога зборуваме за режија* се темели на истражување и интервјуа со шест режисер(к)и: Кејти Мичел (ОК), Ан Богарт (САД), Зоја Бузалковска (МКД), Иван Поповски (РУС/МКД), Томи Јанежич (СЛО) и Улрих Мејер – Хорш (ГЕР).

Во 2015. година дипломирал театарска режија на Факултетот за драмски уметности во Скопје, во класата на проф. Слободан Унковски и проф. Златко Славенски.

Дипломирал и на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје на катедрата за општа и компаративна книжевност (2012), а магистрирал културолошки студии на Институтот за македонска литература (2015) со истражување во кое учествуваат 31 актер од Македонија, насловено како Влијанието на културните и психолошките процеси врз актерската креација на ликот. Дел од истражувањето е објавено во книгата Театарот и актерите од сосема друг агол на акад. Надица Поп-Јорданова (2021), Ars Lamina.

Во 2017. година се стекнува со Педагошки доквалификации на Предагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, а исто така е и сертифициран обучувач/предавач за возрасни од 2016. година.

Во 2019 година е член на Режисерската лабораторија во Театарот Линколн Центар, Њујорк, САД.

Учествувал на две меѓународни научни конференции со свои трудови во кои ги разгледува можностите, придобивките и влијанијата од воведувањето на Театарската уметност како задолжителен предмет во македонското средно образование, како и состојбите на истото во компаративен контекст со другите балкански средни образованија. Конференциите се:

- “Contemporary challenges of performance“ во Скопје, 2016
- “Theatre between politics and policies: New Challenges“ во Белград, 2018

Делови од научните трудови се објавени во неколку медиуми, портали, во форма на интервјуа и/или колумни, есеи, како и во научното списание Ars Academica (No,4).

Од 2014. до 2017.година работел како професор по предметите Театарска уметност и Филмска уметност во Меѓународното училиште НОВА во Скопје.

Во јули 2016. и јули 2017. година предава Драма на Летниот образовен камп при Американскиот универзитет во Бугарија, Благоевград.

Основач и главен предавач е во „Театар за сите“, неформално училиште за театарска уметност за млади и возрасни, кое постои пет години. Редовните часови ги посетиле над 100 лица, а Отворените часови над 300 лица. „Театар за сите“ од 2021. година, официјално е здружение за театарска едукација и продукција, а Андоновски е основач и претседател.

Режисер е на претставите:

- „Поблиску“, режија Милош Андоновски, дипломска претстава, 2015, Македонски народен Театар и Факултет за Драмски уметности)

- „Јас, Селма“, текст и режија Милош Андоновски, Младински Културен Центар, Скопје, април 2018
- „Физика на тагата“ по драматизација на Ивана Нелковска на истоимениот роман на Георги Господинов, Народен Театар Куманово, јули, 2018
- „Хамлет“ на Вилијам Шекспир, Театарот на Навигаторот Цветко, Кино Култура, Скопје, декември 2018
- „Семејни приказни“ на Биљана Србљановиќ, НУ Театар „Војдан Чернодрински“ Прилеп, јуни, 2019, освојува НЕТА награда за Севкупно уметничко остварување на Фестивалот за камерен театар „Ристо Шишков“ во Струмица во септември, 2019 година
- „Без авторски права“ колективно авторство, Театарот на Навигаторот Цветко, Скопје, декември, 2019
- „Иднината е приватна“ текст и режија Милош Андоновски, Пресврт, Скопје, септември, 2020 година
- „Срам“ (работен наслов), авторска монодрама на Ангела Стојановска, Тииит инк! и Младински Културен Центар, октомври 2021 – во тек

Асистирал на претставите:

- Изгубени германци на режисерот Слободан Унковски (2013, Македонски Народен Театар)
- Подемот и падот на кабарето на режисерот Владимир Милчин (2013, Македонски Народен Театар)
- Аферата Елсинор на режисерот Љубиша Георгиевски (2013, Македонски Народен Театар)

# ЗА НАС

Здружението за афирмација на уметноста ФЛУКТУС - СКОПЈЕ е непрофитна организација формирана со цел да ги истражува и проширува границите на уметничката дејност преку изготвување на проекти од мултимедијална природа.  Согледувајќи го досега појавениот начин на комуницирање со публиката кој што културните дејци го имаат одбрано како свој модус на изразување, а воедно и на тематиките кои што истите ги имаат проценето како вредни за обработка, сметавме дека е потребно да се тргне во потрага по нови за овие простори, досега неоткриени начини и средства за израз кои повеќе прилегаат на новиот бран на македонската креативна сила. Нашата мисија е да ги најдеме.

## КОНТАКТ

Јуриј Гагагрин 43-2/7
Скопје, Карпош

389 78 215 146

contact@fluctus.mk
www.fluctus.mk
www.samoglas.mk

# САМОГЛАС

Проектот на кој активно работиме изминативе три години е „Самоглас“ - првата платформа за аудио книги на македонски јазик, креирана со идејата за промовирање на културниот раст и развој во нашата земја. Платформата (www.samoglas.mk) е веб и мобилна апликација, која овозможува лесен пристап до аудио библиотека.



# ЗОШТО САМОГЛАС?

Тимот на Флуктус е група на дипломирани актери. Ние веруваме дека без силна културна сцена, која може да изврши влијание врз формалните и неформалните образовни процеси, нема да постои никаква можност младината да го оствари својот полн потенцијал. Во времето во кое живееме, социјалните медиуми имаат креирано средина каде што лажните вести земаат полн замав, а вредносниот систем е извитоперен и речиси е невозможно младите да ги развијат своите способности за критичко размислување. Ние сме убедени дека со помош на книжевноста може да придонесеме кон развојот на младите во правилна насока.

# КАКО ЗАПОЧНА?

Долго дискутиравме за типот на публика кој ги посетува нашите претстави. Се согласивме дека нема доволно млади луѓе меѓу нив. Нашата хипотеза беше дека со оглед на тоа што публиката не ги разбира пораките на претставите, нема интерес за да ги посетува, а неразбирањето најверојатно настанува проади недостаток на знаења од полето на книжевноста и литературата. Со други зборови, младите не читаат доволно под изговор за недостаток на време. Аудио книгите беа природно наметнат следен чекор. Ние го поседувавме знаењето за интерпретација и техничките ресурси за да ги креираме.

# ПРИДОБИВКИ ОД АУДИО КНИГИ:

1.им помагаат на лицата со оштетен вид и/или дислексија;
2. го подобруваат говорот;
3. ја подобруваат концентрацијата и памтењето;
4. даваат можност паралелно да работиш и на други активности;
5. ја зголемуваат читачката навика;
6. се интересно и возбудливо искуство;
7. го подобруваат менталното здравје;





НАШИТЕ
ПРОЕКТИ И
ПАРТНЕРИ:





Република Северна Македонија
Министерство за култура

2019, Министерство за култура, Влада на Република Северна Македонија.
Идејата на проектот беше да се креира платформа за пласирање на аудио книги на македонски јазик.

ФЛУКТУС

2020, Град Скопје. Преку онлајн процес на аудиција, ја одбравме средношколката Теона. Спроведовме едукативен курс кој ја запозна со процесот на аудио нарација. Ја снимивме „Тристан и Изолда“ која може да се најде на www.samoglas.mk




ЛОКОМОТИВА
lokomotiva

2019, Локомотива. Изложба и презентирање на прототип на фестивалот наречен „Скопје Креатива“ со идеја да се унапреди производот. Ова беше првото претставување на Самоглас пред публиката.



Национален младински совет
на Македонија

2020, УСАИД и Национален младински сојуз на РСМ. Ја добивме наградата за „Youth Civic Engagement Award“, како резултат на нашата работа на Самоглас.

YOUTH CIVIC ENGAGEMENT AWARD

USAID
FROM THE AMERICAN PEOPLE

USAID
FROM THE AMERICAN PEOPLE

Го креиравме проектот „Самоглас - едукативно катче“. Сегмент на Самоглас кој ни овозможи да соработуваме со локалните здруженија и да креираме аудио брошури на младински теми кои не се обработуваат во рамки на формалниот образовен систем.




2020 , ЛГБТИ Центар за поддршка во соработка со Коалиција Маргини. Во текот на еден месец објавувавме делови од „Среден пол“ од Џефри Еугенидас. Идејата беше да се креира простор за квир литература на Самоглас.

LGBTI
Inclusion
*Project*
The **Digital** Edition



Kingdom of the Netherlands

Во тек, Амбасада на Кралството Холандија. Работиме на шест книги од Холандски Автори на три различни јазици.




**Влада на Република Северна Македонија**

2020 , Влада на Република Северна Македонија. Со финансиска поддршка од Владата, во декември 2020-та ја изработивме мобилната апликација на Самоглас. Ја промовиравме преку објавување на книги од македонски автори, избрани на конкурс на кој се пријавија над 90 апликанти.

Ambasciata d'Italia
Skopje

2021, Институт „Данте Алигиери“ и Италијанска Амбасада во Скопје. За 700-годишнината од смртта на поетот Данте Алигиери креиравме аудио книга од „Пеколот“.



Во тек, Град Скопје. „Лектири на Самоглас со средношколци наратори“ ќе опфаќа отворен повик за средношколци за позајмување на глас за креирање на две аудио лектири после поминат едукативен курс.




Regional Network for Cultural Diversity

Регионална мрежа за културна разновидност ( READ) со поддршка од ЕУ, се отвори повик со цел да им се овозможи на граѓанските активисти да ги зајакнат демократските вредности и да придонесат кон интеркултурна толеранција со посебен фокус на младите.
Со цел да ја зголемиме користеноста на Самоглас од страна на младите во рамките на овој проект креиравме две аудиокниги од автори од Балканот. „Нови авантури на близнаците“ од Милутин Ѓуричковиќ и „Поправање на грешките“ од Ариан Лека.

САМОГЛАС




Малиот Принц
Поглавја:
1. Малиот Принц (38 сек.)
2. Интро (38 сек.)
3. Краток Осврт (27 сек.)
4. На Леон Верт (51 сек.)
Малиот Принц - 7. Глава 3
00:42
02:39
Езоп
Басни од Езоп
Дневникот на Ана Франк
САМОГЛАС
НАСЕКАДЕ!
ПРЕЗЕМЕТЕ ЈА НА
Google Play
Достапна на
App Store

# НАШИ ПАРТНЕРИ:

# ПОДАТОЦИ:

> 10.000 регистрирани корисници
> над 5.600 следбеници на социјални медиуми
> 77 објавени аудио книги
> база од 41 актери-наратори

# ТИМОТ



# ХРИСТИЈАН ПОП-СИМОНОВ

Христијан е дипломиран актер на ФДУ во Скопје. Како професионално искуство во претстави и филмови му се бројат улогите во „Носталгиумот на еден перфориран копиљ“ - МКЦ 2013, „Fictional State / Фиктивна состојба|држава“ - Перформанс во Хамбург, Германија 2014, „Живот во тесни чевли“ -- Драмски Театар, 2014, „Сината Птица“ - МНТ 2014, „Еригон“ - Драмски Театар 2015, „ТВ Бокс“ - Луменетика Проект 2016, „Енималс“ - Кино Култура 2019, „Калија“ краток филм 2019; Има работено како модератор за јавно говорење на NASA Space Apps Chalenge 2018/2019; Го има позајмено гласот за видео и рекламни спотови, како и за мноштво аудио книги на платформата „Самоглас“ – на која е идеен и креативен автор.

# АНГЕЛА СТОЈАНОВСКА

Ангела е дипломирана актерка на ФДУ - Скопје во 2015. Има работено како проектен координатор во прифатно - транзитниот центар во Табановце, како дел од тимот на СОС Детско село. Има работно искуство во бизнис секторот и организирање на настани, но и во невладиниот сектор како театарски едукатор. Во моментов работи на „Арт“ од Јасмина Реза во Куманово. Нејзините најнови претстави се: „Вообразен болен“ - Куманово, 2021, „Иднината е приватна“ – МКЦ 2020, “Без авторски права” – Кино Култура 2019, “Каменот” – ФДУ 2019, “ТВ Бокс” – Скопски саем, 2016. Филмови: „Te dua, жими мене“- независна продукција 2019, „Џон Вардар против Галаксијата“, Lynx Studio, 2019, анимиран филм во кој го позајми гласот за главнот женски лик - Лили. Ангела е една од ко-креаторите на „Самоглас“, активно изработува книги и ги раководи проектите на Флуктус.

# ВАСКО КОСТОВСКИ

Васко е дипломиран актер на Факултетот за драмски уметности во Скопје. Во 2019 се стекнува со сертификат за педагошка доквалификација на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје. Неговите најзначајни проекти се: „Трамвајот наречен копнеж“ – Театра 2014; „Сината птица“ – МНТ 2014; „Библијата“ – Драмски театар 2015; „ТВ Бокс“ – Луменетика Проект 2016; „Уништување на народот или мојата јетра е бесмислена“ – ФДУ 2019; Филмови: „Te dua, жими мене“ - независна продукција 2019; Тој зема учество и во проекти во сферата на театарската едукација како едукатор во 5+ Драмско студио во 2017 и дебатен координатор на филмскиот фестивал Џифони во 2018 ; Васко е идеен и креативен автор на „Самоглас“ и тековно го позајмува својот глас за нарација на книги.

# ПЕТАР АНТЕВСКИ

Петар Антевски е претседател на Здружението за афирмација на театарската уметност "Пресврт". Има работено на повеќе проекти и кампањи како програмски координатор на Радио МОФ, дел од тимот на маркетинг агенцијата Дивижн и на младински иницијативи во рамки на Младински образовен форум. Искуство: работа на маркетинг кампањата за платформата за аудио книги на македонски јазик „Самоглас“ (2020), кампањата за МТФ Војдан Чернодрински „Ова е наше време - време за театар!“(2019), конференцијата „Енгејџ“ (2017), младинскиот проект „Во чевлите на бегалците“ (2016) и МОФ Летната академија (2013 - 2019), како и студентските кампањи за Скомрахи „Ми се смее ми се плаче“ (2018) и „Измести ја реалноста“(2019).

# МАРТИН ТАСЕВСКИ

Мартин Тасевски е софтверски инженер од Скопје со повеќегодишно работно искуство градејќи софтверски решенија. Тој го изгради системот на Самоглас (веб и мобилната апликација) и е одговорен за постојани ажурирања и одржување на истиот. Во неговата кариера, Мартин има работено за домашни и странски клиенти користејќи разни технологии.